# ЈАВЕН ПОВИК

## Награда „Кајзер Максимилијан“ за европски заслуги на регионално и на локално ниво за 2021 година

Во 1997 година, по повод 85-от роденден на д-р Алоис Лугер (†), долгогодишен градоначалник на Инсбрук и претседател на покраинскиот парламент на Тирол, сојузната покраина Тирол и градот Инсбрук ја востановија наградата „Кајзер Максимилијан“ за особени постигнувања во европските локални и регионални политики. Наградата се доделува во чест на заслугите на д-р Лугер за Европа.

Во рамки на подготовките за одбележување на годината на сеќавање (2019 год.) на императорот Максимилијан I, сојузната покраина Тирол и градот Инсбрук ѝ дадоа нова насока на наградата „Кајзер Максимилијан“.

Наградата се доделува како признание за истакнати проекти на поединци, институции или на организации кои создаваат дополнителна вредност на регионално и/или на општинско ниво во Европа. Апликантите мора да бидат сигурни и во состојба да го спроведат и да го завршат проектот.

Особено ќе се вреднуваат проектите кои даваат посебен придонес за европска хармонизација, европска интеграција, како и мирен соживот и кохезија во Европа. Мора да се однесуваат на локално и регионално ниво. Поднесените проекти мора да нудат потенцијал за изнаоѓање најдобри практики кои ќе може да се пресликаат во други заедници и региони.

Големиот публицитет треба да ја зајакне идејата за Европа меѓу граѓаните. Проектот не смее да има цел остварување профит или каква било друга добивка и не смее да се коси со законските одредби и со општите европски правни начела.

Поднесените проекти треба: да бидат фокусирани на иновативност; да трагаат по нови пристапи или организациски методи; и да вклучуваат процена на ефектите и на напредувањето на проектните цели, или на очекуваните ефекти. Овде пресудни се различните аспекти на европска интеграција. Клучни критериуми се: ефективноста на проектот; одржливоста и креативноста; и насоченоста кон мотивирање други целни групи самостојно да се вклучат во европски активности.

Наградата „Кајзер Максимилијан“ се доделува на секои две години. Наградата се состои од сертификат, медал (медалјон со ликот на императорот Максимилијан I од 1509 година) и парична награда во износ

од 10.000 евра. Паричната награда е наменета за победничкиот проект. Наградата се доделува на поединец, институција или на организација како признание за европски заслуги на регионално и на локално ниво.

Проектите може да се доставаат исклучиво онлајн, преку интегрираната платформа за поднесување апликации на веб-страницата: www.kaisermaximilianpreis.at. Проектите мора да се доставаат на германски, француски или на англиски јазик.